**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-500/2
19.02. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 3, член 145 став (2) од Закон за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 48 седница одржана на 06.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на проект за основање на Фармацевтски факултет на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје**

1. Се акредитира проектот за основање на Фармацевтски факултет на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Научно - истражувачко подрачје:3 Медицински науки и здраство
Научно – истражувачко поле: 3.05 Други медицински науки
Научно – истражувачка област: 3.05.02 Фармација (потполе)

3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 100.96/2024 од 04.07.2024 година од Одборот на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје и Одлука од Владата на Република Северна Македонија со број 41-4181/3 од 16.04.2024 година, за усвојување на проектот за основање на Фармацевтски факултет на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.100.95/2024 од 04.07.2024 година (наш бр. 08 - 500/1 од 04.07.2024 година) за прифаќање на проектот, односно за акредитација на проект за оснвање на Фармацевтски факултет на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 7-та седницата одржана на 05.07.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 500/11 од 10.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 48 - та седница одржана на 06.02.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на проектот за основање на Факултет е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски